РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец август 2019

Септември, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1

Испит за административно управување ........ 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 4

Јавни набавки ........ 4

Реализација на буџет ........ 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец август 2019 година примени се 40 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 5 барања, објавени се 37 огласи, за вкупно 149 работни места за вкупно 150 извршители. За институциите од централната власт објавени се 25 јавни огласи за 125 работни места со 126 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 12 јавни огласи за 24 работни места со 24 извршители. На објавените огласи пријавени се 1208 кандидати, од кои 1112 кандидати на огласи за институциите од централна власт, а 96 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 5 | 37 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 25 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 12 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 149 | | 9 | 97 | 19 | 125 | | 3 | 17 | 4 | 24 |
| Извршители | | | 150 | | 9 | 97 | 20 | 126 | | 3 | 17 | 4 | 24 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1208 | | 133 | 909 | 70 | 1112 | | 14 | 65 | 17 | 96 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 19 | 15 | 7 | 34 | 5 | 46 | 4 | 1 | 5 | 5 | 11 |

*Табела 1. Јавни огласи август 2019*

Во истиот период август 2019 година спроведени се 33 административни селекции за пријавени 755 кандидати, спроведени се 24 испити на кои што се поканети 810 кандидати, од кои полагале 192 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 20 огласи за 156 кандидати. Интервју е спроведено на 20 огласи со вкупно 103 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 20 огласи и предлог за избор на 153 кандидати, а од 19 спроведени огласи објавени се вкупно 57 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 33 | 755 | 24 | 810 | 192 | 20 | 156 | 20 | 103 | 20 | 153 | 19 | 57 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи август 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец август 2019 година примени се 12 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 10 огласи, за вкупно 46 работни места за 47 извршители. За институциите од централната власт објавени се 7 интерни огласи за 26 работни места со 27 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 3 интерни огласи за 20 работни места со 20 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 12 | 2 | 10 | | 7 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 3 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 46 | | 3 | 11 | 12 | 26 | | 3 | 13 | 4 | 20 |
| Извршители | | | 47 | | 3 | 11 | 13 | 27 | | 3 | 13 | 4 | 20 |

*Табела 3. Интерни огласи август 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец август 2019 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 95 кандидати. Од нив на испитот се појавија 56 кандидати од кои испитот го положиле 43 кандидати (77%), а не го положиле 13 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 70 се вработени во јавен сектор, 9 во приватен сектор, додека 16 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 95 | 56 | 43 | 13 | 70 | 9 | 16 |

*Табела 4. Административно управување август 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец август 2019 година, беа поднесени 189 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 8 седници, обработи 84 жалби, од кои 60 жалби се од државни службеници и 24 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 5, одбиени 49, отфрлени како недозволени 2, мериторно уважени 3, мериторно одбиена 1 жалба и 2 жалби се отфрлени како недозволени.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважени 4, одбиени 14, мериторно уважени 3, мериторно одбиени 2 жалби и 1 жалба е отфрлена како недозволена.

| **Број на примени жалби и приговори** | | **Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј)** | | **Уважени** | | **Одбиени** | | **Отфрлени како недозволени** | | **Отстапени на друг орган** | | **Повлечени од подносител** | | **Не надлежност** | | **Мериторно уважени** | | **Мериторно одбиени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 34 | 155 | 60 | 24 | 5 | 4 | 49 | 14 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | 3 | 3 | 1 | 2 |

*Табела 5. Обработени жалби во август 2019*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец август 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 10 предмети од кои 1 се однесува на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 9 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат (1); Административни службеници (3); Управен суд (1); Адвокат (1); Граѓани (1) и Анонимно (2).

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 33 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 22 е одговорено, а за 11 електронски пораки подготовката на одговорите е во тек или не е одговорено.

## Јавни набавки

Во текот на месец август 2019 година, донесена е 1 одлука за избор на најповолна понуда и склучени се 3 договори за јавна набавка, со вкупна вредност од 247.400,00 денари без ДДВ, односно 291.932,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | / | 1 | 3 |

*Табела 6. Јавни набавки август 2019*

# Реализација на буџет

Во месец август 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 31.08.2019 | Реализација на буџетот од 01.08.2019 – 31.08.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.913.000,00 | 16.715.832,00 | 1.835.965,00 | 6.197.168,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.475.000,00 | 6.323.217,00 | 694.819,00 | 2.151.783,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 200.000,00 | 86.198,00 | 0 | 113.802,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.350.000,00 | 1.284.582,00 | 61.728,00 | 1.065.418,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 222.468,00 | 63.060,00 | 227.532,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 1.261.888,00 | 43.497,00 | 1.238.112,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.354.786,00 | 485.443,00 | 17.079,00 | 869.343,00 |
| **426-други тековни расходи** | 560.000,00 | 288.354,00 | 0 | 271.646,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 30.214,00 | 30.214,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 500.000,00 | 314.566,00 | 0 | 185.434,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 4.000.000,00 | 814.217,00 | 0 | 3.185.783,00 |
| ВКУПНО | **43.398.000,00** | **27.841.979,00** | **2.731.148,00** | **15.556.021,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*